**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2016 година, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/2016), Министерството за економија објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## За кофинансирање на проекти на занаетчиски комори и еснафи за развој и промоција на занаетчиството во Република Македонија

**1. Предмет на јавниот повик** е кофинансирање на проекти на занаетчиски комори и еснафи кои се однесуваат на развој и промоција на занаетчиството во Република Македонија, односно финансиска поддршка на проекти за:
- организирање на обуки,
-организирање на форуми,
- консултантски услуги и
- промотивни активности (организирање на саеми и манифестации)

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2016 година дел II област А. Поддршка и развој на мали и средни претпријатија, мерка 1.2. - Кофинансирање на проекти на занаетчиските комори и еснафите за развој и промоција на занаетчиството во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/2016) предвидени се средства во вкупен износ од 910.000 денари.

**2. Право на учество на јавниот повик** имаат занаетчиските комори регистрирани согласно Законот за вршење на занаетчиска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2004; 55/2007; 115/2010; 36/2011 53/2011, 164/2013 и 129/2015), еснафите и здруженија на граѓани формирани со цел развој, поддршка и промоција на занаетчиството регистрирани според Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/10, 135/11).

**3. Потребни документи за пријавување:**
- Образец „Барање - КП ЗК 2016“;
- Образец „Проект - КП ЗК 2016“;
- Тековна состојба од Централен регистар не постара од 3 (три) месеци;
- Уверение од УЈП за платени даноци и придонеси не постаро од 3 (три) месеци;
- Изјава дека за проектот со кој аплицира досега не користел средства од Буџетот на РМ или од странски донатори, заверена на нотар.
- Уплатница на износ од 300,00 *денари ( Цел на дознака: Уплата на административна такса, Примач: Буџет на РМ, Трезорска сметка: 100000000063095, Уплатна сметка: 840 _ _ _ (во зависност од општината) 06116, Приходна шифра и програма: 725930 00 )*

**Горенаведената документација целосно пополнета се доставува во оригинал или копија.**
**Доколку документацијата се доставува во копија, веродостојноста на секоја страница ја потврдува подносителот на барањето со свој потпис и печат.**

Обрасците „Барање –КП ЗК 2016“ и „Проект - КП ЗК 2016“ за пријавување на јавниот повик, подносителите може да ги подигнат од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk и порталот www.konkurentnost.mk

**4. Критериуми за оценување на проектите**:

1. Проект - 60 бода
2. Работна биографија на лицата кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот - 30 бода
3. Референтна листа на проекти – 10 бода

Еден апликант може да аплицира само со еден проект по овој јавен повик.

Немаат право на учество апликантите кон кои Министерството за економија води постапка поради ненаменско искористување на доделени средства за оваа намена во претходни години.

Максималниот износ за кофинансирање на трошоците по проект изнесува 150.000 денари.

Трошоците за репрезентација ( ручек, коктели), сметки за комуналии (струја, вода, греење) телефон и интернет нема да бидат предмет на кофинансирање.

Барањата за кофинансирање на проекти ги разгледува Комисија формирана од Министерот за економија.

Барањата за кофинансирање на проекти со комплетната документација се доставуваат до Архивата на Министерството за економија, ул. “Јуриј Гагарин” 15, Скопје заклучно со **09.08. 2016 година.**

**тел: (02) 3093 445; (02) 3093 431 www.economy.gov.mk**